Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), а во врска со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година со арх.бр.25-5958/6 од 29.12.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25) и Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден __.05.2026 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година

### Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година со арх.бр.25-5958/6 од 29.12.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25), согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година.

### Член 2

Во член 10 став 1, алинеја 2, после зборот „градоначалникот“ точката се брише и се додава текстот: „и согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година“ и

во член 10 став 1 алинеја 3 после зборот „дополнувања“ точката се брише и се додава текстот „и согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година“

### Член 3

Во член 15, текстот: „во висина од една последно исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен“, се менува и гласи: „во висина од 2 основици од плата“.

Останатиот дел од овој член останува непроменет.

### Член 4

Во член 16, текстот „двократен износ на просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата“, се менува и гласи „ во висина од 2 основици од плата“.

Останатиот дел од овој член останува непроменет.

**Член 5**

Во членот 17 текстот: „Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Средствата се планираат Програма Е0 – Општинска администрација на ставка 464 Разни трансфери – 464 940 – Трансфери при пензионирање“ се менува и гласи:

„Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува отпремнина во износ во висина од 2 основици од плата пресметани врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година.

Средствата се планираат Програма Е0 – Општинска администрација на ставка 464 Разни трансфери – 464 940 – Трансфери при пензионирање“

**Член 6**

Во член 18 став 1 текстот: „согласно Колективен договор за вработените во Општина Велес бр.08/177-1 од 12.01.2022 година, Договор за измени на Колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/2 од 31.03.2022 година и Договор за измени на Колективниот договор за вработените во Општина Велес бр.08-177/3 од 25.11.2022 година“, се брише и се заменува со следниот текст: „согласно Колективниот договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година“.

Став 2 од истиот член се брише.

Ставот 3 станува став 2.

**Член 7**

По влегувањето во сила на оваа Одлука, Комисијата за статут и прописи ќе изготви Пречистен текст на истата и ќе се објави во Службен гласник на Општина Велес.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес е изготвена врз основа на Законот за буџетите со кој се уредува постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје.

Исто така, во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во член 23 став 8 се предвидува дека со донесувањето на Буџетот, Советот на Општината донесува Одлука за извршување на Буџетот.

Советот на Општина Велес, на седницата одржана на ден 26.12.2025 година донесе Одлука за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година со арх.бр.25-5958/6 од 29.12.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25).

На ден 15.05.2026 година, склучен е Колективен договор за вработените во Општина Велес со арх.бр.01-2394/1 од 15.05.2026 година со кој се уредуваат статусот, правата, обврските и другите прашања во врска со работниот однос на вработените (административните службеници), други овластени лица во областа на безбедноста (овластени пожарникари) и помошно–техничкиот персонал), согласно Законот за работните односи и вработените согласно Законот за приватните агенции за вработување.

Согласно донесениот Колективен договор се јавува потреба од усогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2026 година со арх.бр.25-5958/6 од 29.12.2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр.19/25).

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.